# ЗА ЗЕЛЕНИКОВО
# ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани жители и пријатели на Зелениково,

Чест ми е, но и голема одговорност, да бидам кандидат на една ваква просперитетна општина во која гледам голем потенцијал.

На самиот почеток би сакал да напоменам дека овие избори се клучни за нашата иднина во Општина Зелениково и треба внимателно да расудуваме за последиците од секој недоволно калкулиран чекор на денот на изборите. Верувам во Вас дека ќе го направите вистинскиот избор и ќе ми ја дадете вашата доверба мене. А јас преку интензивна работа на оваа програма и реализација на истата во следните четири години, се надевам дека ќе ја оправдам вашата доберба.

За жал, се досега развојот на општината се сведуваше на реконструкција на локалните улици и патишта, што секако се важен дел од секоја општина, но за сметка на тоа се друго стагнираше.

Посебно поле на кое ќе се фокусирам е економијата. Се обврзувам дека следните четири години ќе ги подобриме условите за основање и водење бизнис на територијата на Општина Зелениково. Ќе работиме на обезбедување поволни услови за нови домашни, но и странски инвеститори, кои ќе придонесат во отварање на многу нови работни позиции. Посебен акцент и внимание ќе биде насочени кон младите претприемачи, старт-ап бизнисмени за кои е предвидена континуирана поддршка во форма на обуки и по-

мош, бесплатно користење на простор и канцеларија за нивните претприемачки потреби.

Ветувам и се обрзувам за рамномерен развој на сите подрачја и населени места во општината, со цел подобрување на условите за живот и животен стандард на сите граѓани на Општина Зелениково. Социјална и етничка кохезија меѓу граѓаните е нешто за кое што се заложувам.

Како градоначалник секогаш ќе бидам достапен за секој од вас, преку Ваша директна вклученост во работата на општината. Транспарентноста на носењето одлуки ќе стане секојдневие и сите ќе имаат увид во реалната состојба на општината.

Во оваа програма ви нудиме внимателно одбрани проекти кои се реални и остварливи.

Овие избори имаме заедничка цел. А тоа е заедно да ја направиме Општина Зелениково место кое е достојно за живеење, место кое е урбано, модерно и развиено!

Зелениково-општина за сите луѓе!

Со почит,

Коста Маневски

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Зелениково ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ВЛЕЗ НА ИНВЕСТИТОРИ ВО ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Општината ќе обезбеди поволни услови за влез на домашни и странски инвеститори, како и подобрување на инфраструктурните услови во индустриска зона Џамбовица. Ќе се изработи и водич кој ќе ги содржи сите информации и поволности кои ги нуди општината.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ НА СОПСТВЕН БИЗНИС

Општината ќе обезбеди поволни услови за отварање на сопствен бизнис и поддршка за развој на претприемничкиот дух кај младите, со организирање на обуки, како и помош при аплицирање за користење средства од меѓународни фондови.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКА СИМОНИЧКА

Уредување и регулација на коритото, со цел заштита од поплавување и заштита од пречки во мобилноста на жителите во населено место Река. Изградба на пешачка патека и содржини за забава на децата-детски забавен парк.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/централен буџет.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ

Набавка на нидапласт блокови, кои поради својата карактеристична саќеста структура се применуваат при појава на големи налети на атмосферски води т.е. при големи количини на врнежи, кога капацитетот на постоечката канализација не е во состојба да ги прифати истите. За прифаќање на атмосферските води од територијата на Општина Зелениково во природните реки и отворени канали се предвидува изградба на Атмосферски пумпни станици.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/централен буџет.

## КРАК НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ОРЕШАНИ И ЈАНЕ САНДАНСКИ

Решавање на долгогодишниот проблем и реализација на проект за иградба на крак на фекална канализација во Орешани и Јане Сандански.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина/Централен буџет.

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО СЕЛО ГРАДОВЦИ

Градовци е село со потенцијал за викенд населба и за развој на рурален туризам. Меѓу најголемите пречки за остварување на потенцијалот на с.Градовци е отсуство на систем за водоснабдување. За таа цел предвидена е изработка на проектно-техничка документација и целосна реализација на проектот за водоснабдување на с.Градовци.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО СЕЛАТА СМЕСНИЦА И ВРАЖАЛЕ

Изградба на систем за водоснабдување во селата Смесница и Вражале.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ Централен буџет/ Меѓународни финансиски институции.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД ОРЕШАНИ ДО СТАНИЦА ЗЕЛЕНИКОВО

Целосна реконструкција и проширување на патот од Орешани до Станица Зелениково. Изградба на велосипедска и пешачка патека.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Централен буџет.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД СЕЛО СМЕСНИЦА ДО СЕЛО ГУМАЛЕВО

Асфалтирање на локалниот пат од село Смесница до село Гумалево.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКАТА И ВОВЕДУВАЊЕ НА ЈАСЛИ

Поради зголемување на капацитетот на градинката и воведување на група јасли, се предвидува изградба на нова градинка со цел решавање на проблемот на многу родители.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Централен буџет.

## ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА/ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ

Воведување на целодневна настава/дневен престој во основните училишта.

**Рок на реализација:** септември 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Централен буџет.

## ЗАБАВНИ ПАРКОВИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Се планира изградба на забавни паркови за рекреација на децата, младите , возрасните и пензионерите во сите населени места на територијата на општина Зелениково.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни фондови, централен буџет.



# 3. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Во наредните четири години се обврзуваме да ги подобриме условите за основање и водење бизнис на територијата на Општина Зелениково како и нивна промоција. Со обезбедување на поволни услови за нови домашни и странски инвеститори како и поддршка на постојните капацитети во делот на локалниот економски развој, ќе се создадат услови за отворање нови работни места. Можноста за искористување на природните ресурси со кои располага општината, нивна соодветна распределба и ефикасно користење ќе биде наша примарна цел.

## ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ НА СОПСТВЕН БИЗНИС

Општината ќе обезбеди поволни услови за отварање на сопствен бизнис и поддршка за развој на претприемничкиот дух кај младите со организирање на обуки, како и помош при аплицирање за користење средства од меѓународни фондови.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ВЛЕЗ НА ИНВЕСТИТОРИ

Во текот на целиот мандат ќе се работи на развивање на општината во поглед на обезбедување на поволни услови за влез на инвеститори. Планираме и отпочнување на постапка за добивање на BFC SEE сертификат преку кој ќе се пласираме на пазарот на инвеститорите кои сакаат да го прошират својот бизнис во југоисточна европа.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЏАМБОВИЦА

Проектот опфаќа инвестиции во инфраструктурата како осветлување, канализација, водовод и други подобрени услови со цел привлекување на домашни и странски инвеститори.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ИЗГРАДБА НА МОНТАЖНИ-ЕКО КАНЦЕЛАРИИ

За сите млади претприемачи, бизнисмени, музичари, уметници и регистрирани занаетчии кои имаат потешкотии за изнаоѓање на простор за презентирање на својата дејност, како и потешкотии во пласман на пазарот општината ќе изработи проектно-техничка документација за реализација на изградба на монтажни еко-канцеларии. На овој начин се охрабруваат и стимулираат младите во започнување на сопствен бизнис. За просторот истите по пат на договор нема да бидат обврзани да плаќаат кирија во првите 3 години од отварање.

**Рок на реализација:** 2023-2025;

**Извор на финансирање:** ИПА III, Меѓународни инвестициски фондови, Буџет на општина.

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ЗЕЛЕН ПАЗАР

Изградба на Локален зелен пазар со цел подобри услови за пласман на производите на локалните производители.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА– SMART CITY

## WI-FI FREE ЗОНИ

Се предвидува на одредени зони да има можност за бесплатна интернет конекција.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни финансиски институции.

## ТВОЈ ДОКУМЕНТ-НАША РАБОТА

Проектот е замислен како „open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот". Со истиот ќе им се овозможи на граѓаните на Општина Зелениково брза и ефикасна достапност на сите потребни документи и информации од општината по електронски пат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2022.

## ПАМЕТНИ КЛУПИ- STRAWBERRY ENERGY

По примерот на Србија, се планира поставување на неколку паметни клупи на атрактивни локации каде претежно се движат млади лица. Овие клупи работат на принцип на соларна енергија, служат за бежично полнење на паметни електронски уреди, овозможуваат интернет конекција а воедно служат и за седење-како класична клупа но унапредена.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции;

**Рок на реализација:** 2023.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД ОРЕШАНИ ДО СТАНИЦА ЗЕЛЕНИКОВО

Целосна реконструкција и проширување на патот од Орешани до Станица Зелениково. Изградба на велосипедска и пешачка патека.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Централен буџет.

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СЕЛО ПАКОШЕВО-ГОРНО ПОЛЕ-СЕЛО ТАОР

Со изградба на овој патен правец ќе се подобри комуникацијата на жителите на Ново Село, Пакошево и Станица Зелениково кон автопатот и ќе се овозможи економски развој на попатните локации.

**Рок на реализација:** 2023-2024;

**Извор на финансирање:** Меѓународни фондови/Централен буџет.

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА ДОБРИНО И ДЕЈКОВЕЦ

Тампонирање на локалниот пат, Добрино и Дејковец и негово редовно одржување.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО ТИСОВИЦА

Тампонирање на локалниот пат до Тисовица и негово редовно одржување.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ОБНОВУВАЊЕ НА АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ

Целосна промена и поставување на нови автобуски постојки на станиците.

**Рок на реализација:** 2022-2024;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Централен буџет.

## ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

За урбанизација на просторот се предвидува изработка на Детални Урбанистички Планови на следните населени места:

Таор, Орешани, Пакошево, Ново Село, Страхојадица, Градовци, Смесница и Вражале.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Централен буџет.

## ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НИВО НА ЦЕЛА ОПШТИНА

На територијата на цела општина промена на класичното улично осветлување во осветлување со лед сијалици и негово редовно одржување. Лед осветлувањето е поекономично, енергетски по-ефикасно.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ДО СМЕСНИЦА И ВРАЖАЛЕ

Изградба на водоводна мрежа до Село Смесница и Село Вражале и поврзување на градски водовод.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/централен буџет.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД СЕЛО СМЕСНИЦА ДО СЕЛО ГУМАЛЕВО

Предвидена е целосна реконструкција и асфалтирање на локалниот пат од село Смесница до село Гумалево.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Целосна реконструкција и асфалтирање на локални улици на територијата на општината во сите населени места.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТ ОД ИЗВИДНИЧКИ ДОМ ГРАДОВЦИ ДО ЦРКВА СВ.ИЛИЈА

Заради афирмација на историско-културно значење на верскиот објект црквата Св. Илија и развој на руралниот туризам се планира целосна реконструкција и асфалтирање на наведениот пат.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

За поголема безбедност на пешаците во сообраќајот се предвидува изградба на пешачки патеки во сите населени места.

**Рок на реализација:** 2021-2025;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Поставување на соодветна патна сообраќајна сигнализација и “легнати полицајци” за забавување на сообраќајот пред основните училишта и други ризични места за ограничување на брзина.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКА СИМОНИЧКА

Целосно уредување и регулација на коритото, со цел заштита од поплавување и заштита од пречки во мобилноста на жителите во населено место Река. Изградба на пешачка патека и содржини за забава на децата-детски забавен парк.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/централен буџет.

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО СЕЛО ГРАДОВЦИ

Градовци е село со потенцијал за викенд населби и за развој на рурален туризам. Меѓу најголемите пречки за остварување на потенцијалот на с.Градовци е отсуство на систем за водоснабдување. За таа цел предвидена е изработка на проектно-техничка документација и целосна реализација на проектот за водоснабдување на с.Градовци.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ

Набавка на нидапласт блокови, кои поради својата карактеристична саќеста структура се применуваат при појава на големи налети на атмосферски води т.е. при големи количини на врнежи, кога капацитетот на постоечката канализација не е во состојба да ги прифати истите. За прифаќање на атмосферските води од територијата на Општина Зелениково во природните реки и отворени канали се предвидува изградба на Атмосферски пумпни станици.

**Рок на реализација:** 2023-2024;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет.

## ДОГРАДБА НА КРАК ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА-ОРЕШАНИ И ЈАНЕ САНДАНСКИ

Решавање на долгогодишниот проблем и реализација на проект за изградба на крак за фекална канализација во Орешани и Јане Сандански.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Централен буџет.

## ДОГРАДБА НА КРАК ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА-СТРАХОЈАДИЦА

Изградба и реконструкција на мрежата за фекална канализација во Страхојадица.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/централен буџет.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата, со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психо-физичка личност кои се основните приооритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКАТА И ВОВЕДУВАЊЕ НА ЈАСЛИ

Заради зголемување на капацитетот на градинката и воведување на група јасли, се предвидува изградба на нова градинка со цел решавање на проблемот на многу родители.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Централен буџет.

## БИБЛИОТЕКА СО ДИГИТАЛИЗИРАНА ЧИТАЛНА

Изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на библиотека со дигитализирана читална. Читалната ќе биде градена по принцип на одделни катчиња за секој посетител, со што се овозможува приватност и заштита од меѓусебно попречување на посетителите. Се планира и поставување на персонални компјутери, кои ќе може да ги користат сите посетители и учениците кои имаат потреба.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни инвестициски фондови.

## ФОНД ЗА СТИПЕНДИИ И НАГРАДИ

Оформување на посебен фонд за стипендирање по пат на еднократни парични награди за поддршка на талентирани ученици, спортисти, уметници, музичари од општината. На овој начин се

мотивираат на поголем успех и останатите ученици, а на наградените им се дава до знаење дека нивниот труд се вреднува.

**Рок на реализација:** 2022 година;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА/ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ

Воведување на целодневна настава/дневен престој во основните училишта.

**Рок на реализација:** септември 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Централен буџет.

## СОЦИЈАЛНА И МЕЃУЕТНИЧКА КОХЕЗИЈА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ

Преку бројни соработки, проекти и предавања од стручни лица ќе се работи на културна соработка на учениците од централното со учениците од подрачните училишта.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ централен буџет/ меѓународни фондови.



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме Општина Зелениково до нивниот животен стандард, а со тоа и да го подобриме и Локалниот економски развој.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО НОСЕЊЕ ПОЛИТИКИ

Седниците на Советот ќе бидат пренесувани во живо на официјална Фејсбук страна на општината. За секој проект и промена жителите ќе бидат консултирани и ќе го дадат своето мислење по пат на анкета, прашалник, референдум и сл. Граѓаните ќе ги избираат приоритетните проекти кои ќе бидат вметнати во општинската програма.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Ќе воведеме телефонска линија која ќе биде постојано достапна - 24/7, за потребите, проблемите и забелешките на граѓаните. На оваа линија граѓаните ќе можат да пријават било каков проблем, за кој службите во Општината ќе преземат активности за брзо решавање во согласност со закон.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Интензивирање и соработка со општини кои се дел од Европската Унија, со цел размена на искуства за подобрување на стандардите во Општина Зелениково.

Се планира и отварање на подрачна канцеларија на ЕУ - инфо центар, преку која жителите ќе имаат можност да се запознаат со начелата и вредностите на Европската Унија.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** ИПА III фондови.

## РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Ќе воведеме дигитализација на услугите, функционална веб страна која ќе овозможи брза комуникација со администрацијата на оштината. Со ова ќе се намали периодот на чекање за завршување на услуга, како и создавањето на редици пред канцелариите на службениците.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/ ИПА III фондови.

## МЛАДИНСКИ КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ

Изградба на простории кои ќе бидат наменети за социјализација и во користење на младите во сите населени места во Општина Зелениково.

**Рок на реализација:** 2024;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/IPA III фондови.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ

Со договор за јавно-приватно партнерство, планирана е изградба на фотоволтаични системи т.е. соларни панели за искористување на потенцијалот на сончевата енергија, за производство на дел од електричната енергија за потребите на жителите на општина Зелениково.

**Рок на реализација:** 2023-2024;

**Извор на финансирање.**

## ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ФАСАДИ

Со овој проект се опфаќаат сите училишта во Зелениково, централното и подрачните. Се планира поставување на енергетски ефикасни фасади со цел намалување на трошоците за ладење и греење.

**Рок на реализација:** 2023-2025;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Централен буџет.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ СИСТЕМИ ЗА ГРЕЕЊЕ

Ќе се работи на изнаоѓање на решение и имплементирање на проект за енергетски ефикасни системи на греење во училиштата, со кој еднаш засекогаш ќе се реши проблемот со отсуства на ученици од настава поради неадекватно и недоволно греење на просториите.

**Рок на реализација:** 2022-2023,

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни инвестициски фондови.

## КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД

Еден ваков проект оди во прилог на нашата општина, во зачувување на средината и унапредување на екологијата. Целиме кон селекција и рециклирање на отпадот за еколошки чиста и здрава околина.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни инвестициски фондови.

## ЗАСАДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИКА

Проект кој има дуална природа, од една страна еколошки предиспозиции, од друга страна, голема културна важност за Општината Зелениково, која е именувана токму по ова растение кое често се наоѓа низ шумите на Зелениково. Наша идеја е ова растение да го распространиме низ новите паркови, покрај главните и споредни улици.

**Зелениката е заштитен знак на нашата општина.**

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ИЗНАЈМИ ВЕЛОСИПЕД

Се планира набавка на велосипеди кои ќе може да се изнајмуваат, а со тоа ќе се стимулираат спортските активности , ќе се развива спортскиот дух и ќе се заштити животната средина.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни инвестициски фондови.

## РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Се обврзуваме дека ќе ги исчистиме сите диви депонии на територијата на општината и ќе воведеме забрана за истоварање на смет низ општината уште во првите два месеци од мандатот. Ќе утврдиме локација за депонирање на градежен отпад и ќе организираме редовна акција за бесплатно собирање на кабаст отпад од вашиот дом.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## НАБАВКА НА КАМИОН ЗА СОБИРАЊЕ НА СМЕТ

За потребите на Јавното комуналното претпријатие Зелениково, предвидена е набавка на поголем камион за собирање на сметот.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни инвестициски фондови.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој, општините својот економски развој се повеќе го препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК ПРЕД ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА

Хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема во паркот пред општинската зграда.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ИЗГРАДБА НА ПЛОШТАД ЈУСТУНЈАН ПРВИ

Промоција на археолошкиот локалитет Градиште – родното место на Јустинијан Први преку изградба на културно рекреативен центар – плоштад „Јустинијан Први “.

**Рок на реализација:** 2023-2025;

**Извор на финансирање:** Централен буџет/Меѓународни фондови.

## ИЗГРАДБА НА ЕТНО СЕЛО ВО ГРАДОВЦИ

Со јавно приватно партнерство планираме изградба на етно-село во Градовци, со што ќе го поттикнеме руралниот туризам.

**Рок на реализација:** 2024-2025;

**Извор на финансирање:** ЈПП, Меѓународни фондови, Централни фондови.

## ПРОМОЦИЈА НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ-ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА

Развивање на излетнички места, со посебен акцент на Кадина река (Тисовица, Гумалево и Смесница), со цел поттикнување на руралниот туризам. Промоција на качувачки локалитет Кадина – Карпа Кадина во Село Гумалево.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни фондови, централни фондови.

## ЗАБАВНИ ПАРКОВИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Се планира изградба на забавни паркови за децата, младите, возрасните и пензионерите во сите населени места на територијата на Општина Зелениково.

**Рок на реализација:** 2022-2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни фондови, централни фондови.

## КОМПЛЕКС – „ЈУРИЈА"

Целосно расчистување на просторот и уредување на комплексот со пешачка патека и содржини за деца , млади , возрасни и пензионери.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно придонесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини.

## СПОРТСКА САЛА

Изградба на спортска сала за одржување на спортски активности.

**Рок на реализација:** 2024;

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / централен буџет.

## УРЕДУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

Се предвидува уредување и изградба на пешачка и велосипедска патека во Општина Зелениково од населено место Ново Село до Село Орешани во должина од 10км.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ФИТНЕС ЗОНА НА ОТВОРЕНО

Се планира изведба на фитнес зона со справи наменети за користење на отворено.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Меѓународни инвестициски фондови.

## ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТРЕЛАЧКИ КЛУБ

Општината ќе даде целосна поддршка за формирање на стрелачки клуб со обезбедување на потребната опрема и инфраструктура со ЈПП.

**Рок на реализација:** 2024;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОЊИЧКИ КЛУБ

Општината ќе даде целосна поддршка за формирање на коњички клуб со обезбедување на потребната опрема и инфраструктура со ЈПП.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни финансиски институции.

## ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КАЈАКАРСКИ КЛУБ

Поддршка за формирање на кајакарски клуб , спортска активност која се негувала пред многу години во Општина Зелениково.

**Рок на реализација:** 2025;

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/централен буџет.

## АДРЕНАЛИНСКИ ПАТЕКИ ЗА ПЛАНИНСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ

Се планира изградба на адреналински патеки за планински велосипедизам, означување и поставување на сандачиња со опрема за прва помош долж патеките. Предвидени места за овие патеки се местата Кула во Пакошево и ридните места над Село Зелениково.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОПРЕМУВАЊЕ И РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СИТЕ ПОСТОЕЧКИ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Реконструкција на сите спортски терени, игралишта и објеки на територијата на Општина Зелениково. Сите тие ќе бидат адекватно опремени со спортски реквизити, редовно ќе се одржуваат и ќе се овозможи простор за следење на спортско-рекреативните настани преку поставување на клупи и седишта покрај истите. Предвидена е и изградба на повеќенаменски игралишта во Пакошево, Ново Село, Таор, Страхојадица, Смесница и Палиград.

**Рок на реализација:** 2022-2025;

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/централен буџет.

## СТРУЧНО ТЕЛО ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ОБЈЕКТИ

Во склоп на јавната администрација ќе се формира стручно тело, кое ќе има задолжение да ги следи и истражува сите верски, културни и историски објекти. Тоа тело ќе има задача да ги унапредува, обезбедува и промовира сите објекти кои се од културно-историско значење.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКО ДРУШТВО

Поддршка за формирање на Културно уметничко друштво во Зелениково со другите населени места, со цел промоција и негување на културата на сите националности.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ПЕШАЧКА ПАТЕКА КАРПА-ПАКОШЕВО

Изградба на пешачка патека од с. Пакошево до место Карпа, осветлување во должина на целата патека и поставување на урбана опрема за излетничко место на истата локација.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.



# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество, преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

Еднократна исплата на надомест за новороденче.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ РАМПИ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Општина Зелениково во наредниот период ќе изгради пристапни рампи за лицата со инвалидитет во сите јавните површини и објекти.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централен буџет.

## ТУРИСТИЧКИ АРАНЖМАНИ ЗА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Општина Зелениково во својот буџет ќе предвиди средства за финансирање на аранжмани за посета на туристички и културно историски локации во Република Македонија, за деца од социјално загрозени семејства.

**Рок на реализација:** 2023;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни финансиски институции/централен буџет

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕМЕЈСТВА ПОГОДЕНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Општина Зелениково ќе обезбеди парична помош за семејства погодени од елементарни непогоди.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** буџет на општина/централен буџет.

## УРЕДУВАЊЕ НА НОВИ ПРОСТОРИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Уредување на нови простории или пренемена на веќе постоечки простории, со адекватна опрема за потребите на лицата со посебни потреби

**Рок на реализација:** 2024;

**Извор на финансирање:** Буџет на општинаМеѓународни финансиски институции/централен буџет.

## ПОДРШКА НА ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБ ЗЕЛЕНИКОВО

Континуирана поддршка на активностите на Пензионерскиот клуб „Зелениково".

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни финансиски институции/ централен буџет.

## ВОЛОНТЕРИ ЗА ГРИЖА НА СТАРИ, БОЛНИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

Проектот ќе се реализира преку волонтерски услуги и грижа на стари и изнемоштени, лица со телесен инвалидитет и лица со оштетен вид.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/Меѓународни финансиски институции.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИ ХИДРАНТИ

Во Општина Зелениково постојат многу споредни локални улици кои се непристапни за противпожарни возила, и токму затоа предвидуваме поставување на противпожарни хидранти на сите такви непристапни места. Ова е од голема важност и значајност при заштита од пожари.

**Рок на реализација:** 2022;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ЕДИНИЦА НА ЗАШТИТНИ СИЛИ

Општината ќе формира единица на заштитини сили за заштита на населението од елементарни непогоди.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ПРОМОЦИЈА ЗА ВДОМУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ

Во соработка со невладините организации, градското прифатилиште и граѓани кои се љубители на животни, ќе се извршат повеќе промотивни настани за вдомување на бездомните животни.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.



# 12. ЗЕМЈОДЕЛИЕ

## ПРОИЗВОДСТВО НА ОРГАНСКА ХРАНА

За производителите на органска храна се планира посредување при потпишување на договор со лиценцирани откупни центри, за откуп на органска храна. Производството и продажбата на органска храна заземаат се поголем замав во прехрамбената индустрија и се поголема е побарувачката на органски производи. Зелениково има потенцијал за одгледување на органска храна и како такво им дава предност на сите жители, со посебен акцент на млади земјоделци, кои за оваа намена ќе можат да користат и земјиште под закуп.

**Рок на реализација:** континуирано,

**Извор на финансирање:** ИПА III.

## ЗЕМЈА ПОД ЗАКУП ЗА МЛАДИ ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Општината ќе обезбеди поддршка и едукација на младите земјоделци за искористување на државното земјоделско земјиште.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА КАМПАЊА СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА

Проектот предвидува остварување партнерски односи со сите релевантни институции и организации од областа на земјоделството, одржување на низа работилници и едукативни сесии од најразлични области, поттикнување на окрупнување на површините, воведување на нови доходовни култури, воведување на системот „капка по капка", здружување на производителите, логистичка помош при пополнување на документацијата за субвенции и сл.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## СЕТ МЕРКИ ЗА ПОДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ОРГАНИЗИРАНОСТ

Поддршка на земјоделците преку отворање посебен центар за редовно информирање на примарните производители, обука на земјоделците за подготовка на проекти за искористување на

ИПАРД-средствата за изградба на производствени и преработувачки капацитети.

- Поддршка за формирање земјоделски задруги поради подобрување на статусот на земјоделците на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основните услови за работа и функционирање (простории, помош за патувања и др.).

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ПОДДРШКА ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ИПАРД СРЕДСТВАТА

Со цел да се зголеми користењето на средствата од програмите за финансиска поддршка и ИПАРД фондовите, како и олеснување на пристапот на земјоделците од Општина Зелениково до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советувања за земјоделците со претставници од Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други меѓународни експерти.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ЧИСТЕЊЕ НА ОДВОДНИ КАНАЛИ И РЕЧНИ КОРИТА

За заштита на населението од поплави редовно ќе се одржуват сите речни корита и одводни канали на целата територија на општината.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПАТИШТА

Со цел олеснет пристап до земјоделските површини на територијата на Општина Зелениково, се планира тампонирање на пристапни земјоделски патишта.

**Рок на реализација:** континуирано;

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*